Врз основа на член 32, 34 и 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување ("Сл. весник на РМ" бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007 и 36/2007), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 05.06.2007 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ И ЛЕКОВИТЕ

Член 1

Со врши измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите („Службен весник на Република Македонија" бр. 48/2001, 52/2001, 17/2005, 47/2005).

Член 2

Се изменува табеларниот дел на член 3 и тоа:

| Здравствени услуги во примарна здравствена заштита | Партиципација |
|---|---|
| Пломбирање на заб со амалгам | 100,00 |
| Пломбирање на заб со композитен материјал | 200,00 |
| Вадење на заб | 120,00 |
| Ендодонска терапија | 200,00 |
| Останати стоматолошки услуги<br>освен превентивните | 150,00 |

Член 3

Се овластува стручната служба на Фондот да изготви упатство за примена на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-7650/15
5 јуни 2007 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Аљбон Џемаили**, с.р.